РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-31/5
23.01.2025 година
С К О П Ј Е

**ЗАПИСНИК**
**од двесте дваесет и осма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители**
**одржана на 14 јануари 2025 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 14 јануари 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте дваесет и осмата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: Бесник Авдија, претседател на УО и претседател на Основен граѓански суд Скопје, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје, Душица Димитриеска, член на УО и претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, м-р Антоанета Димовска, член на УО и член на Судски совет на РСМ, Златко Биковски, член на УО и јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, д-р Али Алиу, судија на Апелационен суд Гостивар, член на УО и Радица Лазареска Геровска, кабинетски службеник за правна поддршка на министерот за правда на РСМ, член на УО.

На седницата, присуствуваше и директорот на Академијата, јавен обвинител Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше дека на седницата не е присутна претседателката на Врховниот суд на РСМ и член на УО, судија Беса Адеми, по што ја праша стручната служба на Академијата дали претседателката е уредно поканета. Од страна на стручната служба на Академијата, беше укажано дека сите членови на УО се истовремено известени за одржувањето на седницата и дека се до ден пред денот на одржување на седницата (13.01.2025 година) до Академијата не беше пристигнато известување за присуство или спреченост за присуство од претседателката на Врховниот суд на РСМ. На ден 13.01.2025 година, од страна на службата на Академијата беше остварен контакт со кабинетот на Врховниот суд на РСМ во врска со потврда на присуството на претседателот на ВСРСМ, судија Беса Адеми, од каде беше добиено известување дека во врска со тоа, Академијата дополнително ќе биде известена. На денот на

одржување на седницата, од страна на Академијата повторно беше контактиран кабинетот на Врховниот суд на РСМ со барање известување дали претседателката ќе присуствува на седницата на УО, имајќи предвид дека почетокот на седницата се ближи и доколку е потребно да има доволно време да се контактира заменикот член, на што од кабинетот на ВСРСМ, беше добиено известување дека Академијата ќе биде известена. Околу 45 минути пред одржување на седницата од кабинетот на Врховниот суд на РСМ телефонски беше добиено известување дека претседателката на Врховниот суд не е во можност да присуствува бидејќи сеуште трае состанокот на кој присуствува. Од страна на службата на Академијата беше укажано дека во тој случај ќе биде потребно да се контактира заменикот член, судијата Сафет Кадрии, по што од страна на кабинетот на ВСРСМ беше укажано дека заменикот член, судијата Кадрии е на боледување. Од страна на стручната служба беше замолено за истото да се извести Академијата на меил, како би можело да се достави доказ до Управниот одбор поради кои причини не е контактиран заменикот член, на што беше даден одговор дека е во ред и дека таков меил ќе биде доставен. Со оглед на тоа дека 5 минитути пред започнување на седницата сеуште не беше пристигнат меил, беше контактиран Кабинетот на ВСРСМ, со известување дека во секој момент се очекува седницата на УО да започне и дека на истата треба да се достави доказ дека заменикот член не е контактиран бидејќи е на боледување, по што од кабинетот беше добиено известување дека се на состанок и поради тоа не се во можсност да достават меил, а дека имаат сознанија дека на заменикот член, во текот на претходниот ден му се слошило и си заминал. Се до отпочнување на седницата не пристигна известување од кабинетот на Врховниот суд на РСМ.

Претседателот на Управниот одбор констатираше дека на седницата не присуствуваше и јавниот обвинител Башким Бесими, член на УО, на што од страна на стручната служба беше известено дека обвинителот Бесими известил дека не е во можност да присуствува и дека на седницата ќе присуствува неговиот заменик член – јавниот обвинител Енѓелуше Кадриу Леши, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за организиран криминал Скопје, заменик член на УО која во секој момент се очекува да пристигне на седницата.

На почетокот на седницата директорката на Академијата се извини за задоцнувањето и укажа дека истото се случи поради очекуваното известување од Врховен суд на РСМ.

Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, го констатираше присуството на седум членови на Управниот одбор и отсуството на двајцата горенаведени членови на Управниот одбор, по што беше утврдено дека има кворум за работа на седницата. Претседателот на Управниот

одбор го прочита предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од конститутивна 226-та и Записник од 227-ма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители.
3. Донесување одлука по жалба против решение на Завршна комисија број 10-10/1 од 03.01.2025 година од Звезда Илијевска, слушател во почетна обука од 8-ма генерација почетна обука во Академијата.
4. Донесување на Годишен план за јавни набавки на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година.
5. Разно.

Со оглед на тоа дека никој од присутните не се пријави за збор, предложениот дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор.

Се пристапи кон разгледување на **првата точка** на дневен ред - усвојување на Записник од конститутивна 226-та и Записник од 227-ма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Во тој момент на седницата пристигна јавниот обвинител Енѓелуше Кадриу Леши, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за организиран криминал Скопје, заменик член на УО. Претседателот на Управен одбор отвори дискусија по однос на првата точка од дневен ред, но со оглед на тоа дека никој од присутните не се пријави за збор, предлог записникот од конститутивна 226-та и записникот од 227-ма седница беа ставени на гласање и истите беа едногласно усвоени.

Се премина кон разгледување на **втората точка** од дневниот ред - дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори можност за дискусија по однос на оваа точка. За збор се јави директорката на Академијата за судии и јавни обвинители и укажа дека новите пријави за предавачи на Академијата беа разгледани и одобрени од страна на Програмскиот совет на Академијата. Исто така директорката на Академијата достави на увид и папка со комплетна доставена документација од сите нови кандидати за предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители, претходно одобрени од страна на Програмскиот совет на Академијата.

За збор се јави јавнот обвинител Златко Биковски, кој истакна дека смета дека кога некое друго тело на Академијата одлучувало по однос на дадено прашање, би требало во иднина, таквата одлука да биде доставена до Управниот одбор на Академијата во материјалите на седницата, независно дали е во форма на одлука, записник или слично.

Претседателот на Управниот одбор на Академијата го стави на гласање предлогот на јавниот обвинител Златко Биковски - во иднина при одлучување при дополнување на листата на предавачи да биде доставен и записникот од Прорамскиот совет од кој може да се увиди одлучувањето на Програмскиот совет во поглед на прашањето кое е поставено пред Управниот одбор, кој предлог беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на УО.

Следно, се премина кон разгледување на **третата точка** од дневен ред, Донесување одлука по жалба против решение на Завршна комисија број 10-10/1 од 03.01.2025 година од Звезда Илијевска, слушател во почетна обука од 8-ма генерација почетна обука во Академијата, за што претседателот на Управниот одбор замоли да биде повикан претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Дејан Петрески. Откако претседателот на Завршната комисија пристигна на седницата на Управниот одбор на Академијата, претседателот на Управниот одбор отвори можност за дискусија по однос на оваа точка.

За збор се јави членот на Управниот одбор и член на ССРСМ, Антоанета Димовска, која истакна дека смета дека жалбата е неоснована.

За збор се јави членот на Управниот одбор јавен обвинител Златко Биковски кој даде предлог да му се даде збор на претседателот на Завршната комисија да се произнесе.

Претседателот на Управниот одбор му даде збор на претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Дејан Петрески. Претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Дејан Петрески истакна дека задача на Завршната комисија било да се движи во рамките на она што е дозволено во рамки на Правилникот и Законот. Истакна дека Комисијата тематски не навлегла во жалбата и наводите во жалбата туку единствено во точноста на математичката пресметка на бодовите како и нивното внесување во excel табелата бидејќи една децимала влијае на целокупниот резултат. Истакна дека обрасците од оценувањето ги има на увид на денешната седница на Управниот одбор и дека Комисијата за завршен испит направила увид во обрасците за слушателот на почетна обука Звезда Илијевска, како и увид во начинот на извршеното бодување и математичката пресметка на добиените бодови од секој член на Комисијата согласно критериумите утврдени во Правилникот за полагање на завршниот испит, по што констатирале дека истите се правилно се пресметани.

За збор се јави членот на Управниот одбор Радица Лазаревска Геровска која истакна дека смета дека жалбата е неоснована. Укажа дека и самиот факт дека од толкав број на слушатели (97) биле поднесени само три приговори и една жалба говори за начинот на одвивање на самиот процес, по што истакна дека смета дека Завршната комисија добро ја завршила својата работа.

Со оглед на тоа дека никој не побара збор, претседателот го стави на гласање предлогот од членот на УО и член на ССРСМ, Антоанета Димовска и членот на УО Радица Лазареска Геровска жалбата да биде одбиена како неоснована и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на УО.

Претседателот на Управниот одбор на Академијата го извести претседателот на Завршната комисија дека потребата од негово учество на седницата на УО заврши и може да ја напушти седницата, по што претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Дејан Петрески ја напушти седницата.

Се премина кон резгледување на **четврттата точка** од дневниот ред - донесување на Годишен план за јавни набавки на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година. Претседателот на Управниот одбор отвори дускусија по однос на оваа точка и даде збор на директорката на Академијата да даде воведно излагање по однос на истата. Директорката на Академијата појасни дека Академијата за судии и јавни обвинители постапувајќи согласно Законот за јавните набавки е должна да спроведе постапки за јавни набавки за набавка на стоки и услуги кои во својата вредност надминуваат 1.000,00 евра во денарска противредност на годишно ниво. Следно, директорката укажа дека Академијата се одлучила во Планот за јавни набавки да се одлучи како вид на постапка да биде поедноставена отворена постапка од причина што сите предвидени набавки се во рамки на законски дозволената вредност на оваа постапка, а со истата би можело да се предвидат критериуми со кои би се обезбедило квалитет при изборот на носител на набавките.

За збор се јави јавниот обвинител Спасенка Андонова која постави прашање предвидената јавна набавка под број 7 од предлог Планот за јавни набавки за какви лиценцни програми се работи. Директорката на Академијата укажа дека сите лиценци на Академијата се истечени, а со оглед на фактот дека на таа ставка во доделениот буџет на Академијата и се дадени 250.000,00 денари со ДДВ, Академијата ќе ги набави најприоритетните лиценци кои ќе бидат детално опишани во тендерската документација за самата јавна набавка.

Со оглед на тоа дека немаше понатамошна дискусија по однос на оваа точка, претседателот на Управниот одбор го стави предлог Планот за јавни набавки за 2025 година на гласање и истиот беше едногласно донесен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор на Академијата.

**Последната точка** од дневен ред беше точката Разно. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата да се произнесе во врска со доставените материјали под оваа точка. Директорката на Академијата посочи дека согласно Статутот на Академија за судии и јавни обвинители директорот е должен да го известува Управниот одбор меѓудругото и за ангажираните предавачи, поради што во работните материјали за седницата беше

доставена листа со ангажирани предавачи и теми во текот на изминатата година. За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој укажа дека добро би било во иднина заедно со оваа информација, во прилог до Управниот одбор да се достават и евалуациите од обуките, на што сите присутни се согласија и беше одлучено дека во иднина истите ќе се доставуваат.

Следно, во работните материјали до Управниот одбор беше доставено и Барање од претседателот на Комисијата за ревизија на одржани испити со кое се бара измени на Статутот на Академијата и тоа со барање за предвидување да Комисијата за ревизија работи доколку се присутни мнозинство членови, а не во полн состав како што е тоа регулирано во Статутот. Во врска со ова барање, директорката на Академијата истакна дека во моментот Комисијата за ревизија треба интензивно да одржува седници за ревизија на завршниот испит на осмата генерација слушатели на почетна обука, членовите на Комисијата немаат свои заменици, а постои ситуација кога еден од членовите е на боледување, а друг користи годишен одмор. Во насока на спречување вакви ситуации во иднина, истакна дека смета дека Управниот одбор би требало да размисли дали ова прашање би можело да се регулира поинаку во Статутот, на начин што наместо работа во полн состав би се регулирало оваа Комисија да може да работи со присуство на мнозинство од вкупниот број на членови.

Претседателот на Управниот одбор истакна дека доколку се прават измени и дополнувања во Статутот на Академијата, смета дека постои правна празнина и во делот на престанок на мандатот на член на Управниот одбор пред истек на времето за кое е назначен, на начин на кој е тоа сторено во Правилникот за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациската технологија во правосудните органи. Со овој предлог се согласија сите присутни членови на УО.

Претседателот на Управен одбор го стави на гласање предлогот Академијата да подготви и достави предлог измени и дополнувања на Статутот на Академијата и истиот предлог беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор. Академијата беше задолжена да подготви и достави на меил до Управниот одбор предлог измени и дополнувања на Статутот на Академијата.

Следно, за збор се јави директорката на Академијата, јавен обвинител Ирина Трајкоска Стрезоски, која истакна дека би сакала Управниот одбор, доколку смета да потребно, да заземе став во врска со (не)можноста за присуство на седница за време на боледување односно користење годишен одмор. Имено, истакна дека како што напомена и претходно, во моментот еден член од Комисијата за ревизија на одржаните испити е на боледување, а друг член користи годишен одмор. Истакна дека би сакала да добие потврда од Управниот одбор за исправност на одлуката за нивно вклучување на седницата на Комисијата за ревизија електронски, по што и

истакна дека двајцата членови се согласни да се приклучат електронски, со оглед на фактот дека согласно Статутот на Академијата оваа Комисија работи исклучиво во полн состав. Членовите на Управниот одбор истакнаа дека сметаат дека не постои пречка за електронско вклучување на седница и за време на користење годишен одмор или боледување, се разбира, доколку членот на телото е во можност да се приклучи. Јавниот обвинител Златко Биковски истакна дека и самиот користел годишен одмор на претходната седница на Управен одбор. Членот на ССРСМ, судија Антоанета Димовска даде пример дека можеби некој член има повреда на екстремитет и не е во можност да се движи поради што користи боледување, но не би му претставувало проблем да се вклучи на седница на тело од дома.

На крајот, се заклучи дека Управниот одбор е на ставот дека не постои пречка за електронско присуство на седница за време на користење годишен одмор или боледување, доколку членот има можност и волја за истото.

За збор се јави судија д-р Али Алиу кој праша дали има простор Управниот одбор на Академијата да размисли во поглед на зголемувањето на надоместокот за патни трошоци на членовите на Управниот одбор кои не се од Скопје, на што од страна на службата на Академијата беше известен дека надоместоците се предвидени во согласност со Законот за извршување на буџетот на РСМ.

Следно, директорката на Академијата истакна дека согласно актите на Академијата, Управниот одбор ја утврдува содржината на Уверението за завршена почетна обука, поради што во работните материјали на седницата е доставено предлог уверение на увид и одобрување/корекција од страна на Управниот одбор. За збор се јави членот на Управниот одбор Радица Лазаревска Геровска, која укажа дека има забелешка на датумот поставен централно на уверението, за што истакна дека смета дека е премногу во фокус на целиот документ. По одржаната дискусија, беше одлучено датумот на уверението претходно поставен централно горе, да се премести под архивскиот број на уверението. Управниот одбор на Академијата се согласи со содржината на предложеното уверение со внесената забелешка од членот на УО Радица Лазаревска Геровска.

Како наредно известување под точката разно, директорката истакна дека би сакала да сподели со Управниот одбор информација во врска со мандатите на Завршната комисија и Комисијата за ревизија на одржаните испити на Академијата. Имено, директорката на Академијата истакна дека мандатот на Завршната комисија завршува со спроведувањето на завршниот испит на осмата генерација слушатели на почетна обука, по што за наредната генерација слушатели на почетна обука треба да биде формирана нова Завршна комисија. Оттука директорката на Академијата постави прашање дали членовите на Управниот одбор сметаат дека треба веднаш по завршување на мандатот на тековната Завршна комисијата да се

достават писма до институциите кои номинираат членови во Завршната комисија, за однапред да се знае кои се членови во оваа комисија со цел да не бидат ангажирани како ментори во идната генерација слушатели на почетна обука.

За збор се јави јавниот обвинител Спасенка Андонова која истакна дека за неа тоа е исправно бидејќи навреме ќе се знае кои лица не можат да бидат ангажирани како ментори. По одржана дискусија сите членови на Управниот одбор се согласија да Академијата се обрати до надлежните институции да се назначат нови членови на Завршната комисија.

Директорката на Академијата истакна дека како следна точка за разгледување би сакала да се размисли околу мандатот на Комисијата за ревизија на одржаните испити која е фомирана по претходниот Закон за Академија за судии и јавни обвинители, со одлука од 2019 година, во која не е определен мандатот на Комисијата бидејќи таква одредба во тој Закон не постоела. Директорката на Академијата ги прочита членовите на Комисијата за ревизија за одржани испити и членовите кои дошле на местото на претходно назначените членови во периодот 2019-2025 година, како во продолжение:

<table>
<tr><th>Р.бр.</th><th>Име и презиме</th><th colspan="2"></th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Лорета Горгиева<br>03.06.2019- 29.11.2022</td><td colspan="2">М-р Селим Адеми<br>од 29.11.2022 до денес</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Ангел Солев<br>03.06.2019-16.05.2022</td><td>Влатко Георгиевски<br>16.05.2022-17.04.2024</td><td>Светлана Жупановска<br>од 17.042024 до денес</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>М-р Фаик Арслани<br>03.06.2019-27.03.2023</td><td colspan="2">Шпенд Деваја<br>од 27.03.2023 до денес</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Мустафа Хајрулахи<br>03.06.2019-25.04.2024</td><td colspan="2">Верица Бержецка Крстевска<br>од 25.04.2024 до денес</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Владимир Делов<br>03.06.2019-29.11.2022</td><td>Марија Бриндевска<br>29.11.2022-12.09.2024</td><td>Андреја Весов<br>Од 12.09.2024 до денес</td></tr>
</table>

Директорката истакна дека согласно член 29 од Законот, Управниот одбор ги именува членовите на Комисијата за ревизија на одржаните испити кои се полагаат согласно со овој закон, во состав од пет члена, и тоа по еден член по предлог од: Судскиот совет, Советот на јавните обвинители, Врховниот суд, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Министерството за правда, со мандат од една испитна сесија за една генерација кандидати, со право на уште еден избор. Директорката на Академијата укажа дека од 2019 година наваму, нема конкретна Одлука за Комисијата за ревизија на одржаните испити, туку само се менувани членови, за што би сакала да го извести Управниот одбор, да го има во предвид ова прашање.

За збор се јави членот на УО Радица Лазаревска Геровска која истакна дека смета дека по завршување на ревизијата за завршниот испит, кога ќе започне деветтата генерација почетна обука треба да биде донесена одлука за формирање на нова Комисија за ревизија. Директорката укажа дека со денешното разгледување на оваа точка би сакала да го постави ова прашање пред Управниот одбор да добие мислење дали Управниот одбор смета дека со завршувањето на ревизијата на завршниот испит за осмата генерација е завршена работата на актуелната Комисија за ревизија на одржани испити и за потребата од идна ревизија би требало да се формира нова Комисија за ревизија. Директорката на Академијата укажа дека актуелната Комисија за ревизија по завршувањето на ревизијата на завршниот испит ќе достави до Управниот одбор Извештај за спроведената ревизија кој треба да биде разгледан од страна на Управниот одбор на Академијата.

Следно под точката разно, директорката на Академијата го извести Управниот одбор на Академијата за соработката со ERA – Европска правосудна институција за судии. Директорката извести дека од страна на ERA е доставено писмо за поддршка во кое се вели дека доколку Академијата е заинтересирана да ги користи услугите кои ERA ги нуди неопходно е да се плати фактура во износ од 1.500,00 евра. Извести дека таа фактура е потпишана од претходната директорка на Академијата, дека освен online обуки, други услуги од ERA не се користат, како и дека околу десетина судии од нашата држава учествувале на овие online обуки и посочи дека не постои особен интерес за учество на истите.

Јавниот обвинител Златко Биковски постави прашање, дали ова е фактура за авансна уплата за 2025 година или уплатата се бара за веќе дадени услуги во минатото. Директорката на Академијата укажа дека за при обидот за воспоставување контакт со нив , било укажано дека треба да се плати претходната фактурата потпишана од претходната директорка на Академијата од 24.02.2024 година, од што произлегува дека во секој случај не се однесува на идни услуги во 2025 година.

За збор се јави јавниот обвинител Спасенка Андонова која праша кој е бенефитот од соработката со ERA, колку online вклучувања имало досега, каков е фидбекот од судиите кои биле вклучени и дали судиите учесници имаат обврска за составување извештај за услугите кои ги користеле. Истакна дека смета дека за да користиме нечии услуги треба да има бенефит и резултати кои влијаат на унапредување на знаењето на судиите. Истакна дека и самата е за соработка, но дека мора да се оцени дали тоа придонесува за надградување на знаењата на судиите и дали има некаков бенефит од истото.

Директорката на Академијата укажа дека со оглед на тоа дека Управниот одбор согласно Законот одлучува за соработката со сродни институии итн. е

поставено ова прашање во поглед на продолжувањето на соработката и дека доколку е потребно може да се остави време за размислување по однос на истото.

Од страна на стручната служба на Академијата беше дадена информација дека постои препорака од Европската Комисија сите online обуки да се префрлат со физичко присуство, а дека за време на одржување на online обуките често се случува учесниците да се приклучат и реално да не ја следат обуката.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој истакна дека доколку има Договор за воспоставување на оваа соработка и дали имало мислење-согласност од претходниот Управен одбор за оваа соработка, истите би требало да бидат доставени.

На крајот, по одржаната дискусија беше одлучено Академијата да ја преиспита целисходноста на соработката со ERA и за тоа да биде известен Управниот одбор на Академијата, по што ќе биде одлучено што понатаму.

Како последна точка под точката разно директорката на Академијата го постави прашањето за исплатата на надоместокот на Управниот одбор на Академијата. Во таа насока, директорката на Академијата изнесе дека на ден 30.12.2024 година е конституиран овој нов состав на Управниот одбор, од кога ќе започне да се исплаќа надоместокот. Со оглед на тоа дека мандатот на Управниот одбор трае 48 месеци, директорката на Академијата постави прашање дали надоместокот да се пресмета посебно за два дена од месец декември 2024 година или периодот на пресметка да биде од 30ти декември до 30 јануари итн. Директорката истакна дека со оглед на тоа дека во периодот од 30.12.2024 до овој момент има одржано 3 седници на Управниот одбор, а до 30.01.2025 година се очекува одржување на уште една седница, надоместокот би се поделил на четири дела и секој член би добил надомест за околку седници на колку што присуствувал во дадениот месец, согласно Законот. Исто така истакна дека во врска со ова, а согласно Деловникот за работа на Управниот одбор, на првата наредна седница по исплатата, на секој член на Управниот одбор ќе му биде доставена исплатна листа. Сите членови на Управниот одбор се согласија со овој начин на исплата.

Претседателот на Управниот одбор праша дали има уште теми за разгледување под точката разно, на што директорката на Академијата истакна дека во текот на утрешниот ден, (15.01.2025 година) Комсијата за ревизија на одржани испити има седница, по што ги праша членовите на УО дали може да биде договорен термин за одржување на следна седница на УО заради утврдување на конечната ранг листа.

Беше договорен начелен термин за одржување на 229-та седница на ден 23.01.2025 (четврток) во 13:00 часот.

Со оглед на тоа дека немаше понатамошна дискусија, претседателот на Управниот одбор ја затвори 228-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор,
Претседател на Основен граѓански суд Скопје
Судија Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси